**Известување за концентрација со која Вива Фреш Ш.П.К. од Косово ќе стекне контрола над СПАР АЛБАНИЈА ШПК, Република Албанија**

**(предмет бр. 08-86/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 16.05.2025 година, а дополнето на 22.05.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Вива Фреш Ш.П.К. од Косово со регистрирано седиште на Магистралја Приштина Липјан НН, Суходол, Грачаница, Косово ќе стекне контрола над Друштво за трговија СПАР АЛБАНИЈА ШПК со регистрирана адреса на Национален пат Тирана – Елбасан, зграда „Брунес Спејс“, спроти влезот Виоле на трговскиот центар ТЕГ, Фарке, Лундер, Тирана, Република Албанија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Вива Фреш Ш.П.К.** од Косово е друштво кое се занимава со продажба на мало на стоки во неспецијализирани продавници-супермаркети каде преовладуваат храна, пијалоци и тутун.

Вива Фреш Ш.П.К. од Косово ги има следните поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија и тоа:

-Друштво за производство, трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Македонско Косовска бригада 11 бр.1/1 Скопје-Бутел, со приоритетна дејност-трговија на мало во неспијализирани продавници, претежно храна, пијалоци и тутун.

- Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, Република Северна Македонија е друштво со предмет на работење-друга трговија на мало во неспецијализирани продавници.

КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, Република Северна Македонија има поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија и тоа:

-Друштво за трговија, угостителство и услуги ТАЛФА ДООЕЛ ШТИП со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52, Штип-Република Северна Македонија и со приоритетна дејност-издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

Друштво за трговија и услуги ТДЕЛТА-ИНГ 2017 ДООЕЛ Штип со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52, Штип-Република Северна Македонија и со приоритетна дејност-издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

**СПАР АЛБАНИЈА ШПК** која е во 100% сопственост на единствениот основач „Балфин" – „Балкан Фајнанс Инвестмент Груп" ШПК, и го врши својот бизнис на малопродажба и големопродажба на прехранбени и непрехранбени производи, со регистрирана адреса на: Национален пат Тирана – Елбасан, зграда „Брунес Спејс", спроти влезот Виоле на трговскиот центар ТЕГ, Фарке, Лундер, Тирана, регистрирана во Националниот деловен центар со NUIS L51603008A.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.05.2025 година

Скопје